Republika e Maqedonisë së Veriut
Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Северна Македонија Скопје
Agjencia për mbështetjen e sipërmarrjes së Republikës së Maqedonisë së Veriut Shkup
Број / Numër 03 - 222/1
31 03 2021 20 год./vit.

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РОДОВО ОДГОВОРНО БУЏЕТИРАЊЕ

# (2020 година)

## 1. Податоци за избраната Програма

**Име на програмата:**
Програма за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година

**Сектор (организациона единица) надлежен за спроведување на програмата:**
Сектор за промоција на претприемништвото, истражување и информатичка поддршка и Сектор за институционална поддршка,меѓународна соработка и развој на програми

**Вид на програмата**
☐ Хоризонтална
☐ Вертикална

**Како програмата е поврзана со Стратегијата за родова еднаквост 2013-2020:**
Во точка 2.6 од Стратегијата за родова еднаквост се истакнува дека економското јакнење претставува еден од најзначајните фактори и цел во постигнувањето на родовата еднаквост, која во себе содржи повеќе елементи насочени кон: елиминација на разните форми на дискриминација; промовирање на повеќе и подобри работни места за жените, во смисла на број на вработени и квалитет на вработувањето и намалувањето на феминизацијата на сиромаштијата.

До сега се спроведени повеќе проекти од областа на пазарот на трудот и еднаквите можности во насока на поддршка, односно поттикнување на женското претприемништво, преку програмски активности и предвидени стратешки цели и активности во сродни национални документи и оперативни планови, со што е направен напредок на состојбата со вклучување на жените во категоријата на самовработени. Сепак, останува предизвикот многу повеќе да се работи во оваа област во насока на зголемување на стапката на вработеност кај жените.

Со Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година (објавена во Службен весник на РСМ бр.18 од 27 јануари 2020 година) и Програмата за изменување на Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година (објавена во Службен весник на РСМ бр.243 од 6 октомври 2020 година), опфатени се програмски мерки и активности кои имаат за цел промоција и поддршка на претприемништвото во Република Северна Македонија, зголемување на конкурентноста на постојните претпријатија и генерирање на нови работни места. За реализацијата на програмските активности Агенцијата поднесува годишен извештај до Владата на Република Северна Македонија.

## 2. Вовед

Со буџетската изјава за периодот 2020-2022 година, АППРСМ го инкорпорираше принципот на еднакви можности во програмските активности:

- Зголемен број на жени корисници на ваучерскиот систем на советување.
- Зголемен број на обучени жени ментори и менторирани МСП управувани од жени
- Унапредување на системот за прибирање податоци со родово разделени податоци.
- Подобрена промоција преку обуките за поддршка на женското претприемништво

## 3. Позадина/контекст

Мерките и активностите предвидени во годишната програма на Агенцијата имаат за цел:

- Целта на Програмата за самовработување е намалување на невработеноста и отворање нови работни места. Програмата се реализира преку обука на заинтересирани невработени лица за осознавање на претприемништвото, изготвување на одржливи бизнис планови, помош при регистрација на сопствен бизнис и финансиска поддршка за започнување на бизнисот и/или финансиска поддршка за формализација на постојни бизниси на евидентирани невработени лица кои имаат искуство во вршење на дејноста.

- Ваучерскиот систем на советување го поддржува обезбедувањето на услуги на советување и развој на деловната активност во форма на наплативи ваучери. Ваучерите им дозволуваат на корисниците да изберат овластени советници според мониторингот и методологијата одобрена од АППРСМ.Помошта за самовработување се обезбедува бесплатно на невработените, додека поддршката за МСП е во вид на соодветен грант, односно 50% учество на клиентот и 50% субвенција.

- Преку системот на стандардизирани менторски услуги на АППРСМ, претприемачите имаат лесен пристап до ментори и мрежа на ментори кои му помагаат на претприемачот да ја препознае клучната точка на потенцијалот на своето работење. Процесот на менторство се одвива по Методологијата за спроведување на стандардизираните менторски услуги, развиена во соработка со Јапонската агенција за меѓународна соработка (JICA). За корисниците се обезбедува сеопфатна поддршка преку индивидуален пристап, односно 50 часа по корисник кои се реализираат во директна соработка помеѓу менторот и сопственикот и/или правниот застапник/менаџментот на субјектот.

- Невработените лица и претприемачите преку проектот ИНФО ПУЛТ добиваат најразлични информативни услуги од областа на деловна помош, информации за извори за финансирање на својот бизнис, информации за кредитна помош, информации за мерки и програми за поддршка на невработени и МСП преку Владата на Република Северна Македонија и други институции, за потенцијални можности за инвестирање во регионот, информации за учество и аплицирање во домашни, странски и меѓугранични проекти, за потенцијалната консултантска помош за решавањето на конкретните проблеми во работењето, информации за саеми, трговски мисии и бизнис форуми во земјата и странство и други деловни информации и интернет истражувања.

-Подигнување на свеста и знаењето за претприемништвото, градење на претприемачка култура и зајакнување на претприемачкото образование кај младите луѓе (средношколци и студенти) .

-Промоција на женското претприемништво како мотор за генерирање на нови работни места преку организирање на обуки кои треба да вклучуваат различни теми за подигање на нивото на конкурентост кај веќе постоечки претпријатија раководени од страна на жени претприемачи и едукација на потенцијални жени претприемачи.

-Јакнење на капацитетите и вештините на локалните консултанти со кои ќе им се помогне на претпријатијата во зајакнувањето на нивната конкурентност на домашниот и странскиот пазар.

-Подигање на свеста за социјалното претприемништво, запознавање со карактеристиките на социјалните претпријатија, нивната социјална мисија чија основна цел им е да решат некој општествен проблем а не максимизација на профит и остварениот профит да се реинвестира за решавање на општествени проблеми.

-Спроведување на обуки за малите и средните претпријатија, со цел подигање на конкурентноста, зголемување на инвестициите за воведување на иновации и истражувачки активности, зајакнување на интернационализацијата, како и зголемување на капацитетите на вработените.

-Учество во регионални проекти од областа на претприемништвото и размена на искуствата со земјите од Западен Балкан.

## 4. Остварени резултати, промени и влијанија (се следат почетните состојби и индикаторите кои укажуваат на промени)

**1.Поддршка на Самовработувањето како дел од ОП 2020 на МТСП**
Од вкупно 1534 бизнис планови изработени од страна на овластените советници за кандидатите во Програмата за самовработување, 510 бизнис планови се изработени за жени, што претставува 33,2% учество на жените во оваа програмска активност.

**2.Ваучерски систем на советување**
- Од вкупно реализирани 59 ваучери, 39 ваучери се за мажи, а 20 за жени или 34% учество на жените во оваа програмска активност и тоа:
-10 ваучери (за седум клиенти) се за жени управители на МСП за услугите: Подготовка за ISO стандари (9001, 14001,22000), за HACCP и за деловно планирање.
-10 ваучери (за 5 жени клиенти) се за невработени жени за отворање на фирма, односно изработка на бизнис план и регистрација на фирма.

**3.Воспоставување на систем на стандардизирани менторски услуги**
АППРСМ е во третата година на реализацијата на регионалниот проект „Воспоставување и промоција на менторските услуги за МСП во Западен Балкан – Фаза 2“, поддржан од Јапонската Агенција за Меѓународна Соработка – JICA. Покрај АППРСМ партнери во Проектот се Агенциите надлежни за поддршка на развојот на МСП од Србија – регионален лидер, Црна Гора и Босна и Херцеговина.
Процесот на создавање на нови квалификувани ментори продолжи и во 2020 година и во рамките на оваа програмска активност во 2020 година обучени се 5 жени за ментори.По спроведеното менторирање вкупно се менторирани 41 претпријатие од кои 12 претпријатија чии сопственици се жени.

**4.Обуки за подготовка на бизнис план**
- Главна цел на обуките на АППРСМ за подготовка на бизнис план е младите луѓе ( студентите и средношколците ) да се да се мотивираат да почнат сопствен бизнис, да се стекнат со претприемачки

вештини како и да знаат самостојно да изработат бизнис план. На обуките им беа презентирани бизнис модели на денешницата како и можностите за финансирање во нашата држава.
На обуките земаа учество 206 слушатели од Охрид, Кавадарци, Скопје, Битола, Валандово, Гостивар, Виница и Велес, меѓу кои 56 % средношколци, 23 % студенти, 3 % невработени, 9% вработени и 9 % наставници. Родовата структура броеше 70 % женски и 30% машки лица, додека според национална припадност 89 % се изјасниле како Македонци, 4 % Бошњаци, 4 % Албанци, 2 % Турци и 1 % Срби.

**5. Обуките за претприемачко образование**

- Главна цел на обуките на АППРСМ за претприемачко образование на млади лица беше да се мотивираат слушателите да отворат сопствен бизнис преку примери од реалниот сектор во Македонија, да стекнат почетни претприемачки вештини и знаења како и да ја зголемат свеста за достапните Владини програми за финансирање и техничка поддршка во фазите на ран развој на бизнисот.

На обуките учество земаа 108 слушатели од Гевгелија, Кочани, Прилеп и Скопје меѓу кои 61% средношколци, 18 % студенти, 15% невработени лица и 16% вработени млади лица. Родовата структура броеше 65% женски и 35% машки лица, додека структурата по националност укажува дека имало 69% Македонци, 14% Албанци, 8% Роми, 3% Власи,1 % Срби додека 4% биле неопределени.

**6. Обуки за локални консултанти**

Обуките со назив „Преструктуирање на семејството и на семејното богатство" на АППРСМ наменети за локални консултанти, имаа цел учесниците да се здобијат со знаења за советувањето на претпријатијата во процесот на транзиција на семејните бизниси од една кон друга генерација.
На обуките кои се одржаа во Скопје, Куманово и Битола земаа учество 77 слушатели, во голема мера консултанти, но и лица инволвирани во семејни бизниси и сопственици на бизниси. Според родовата припадност, 49 % мажи и 51 % жени, додека според етничката припадност 79% биле Македонци, 3% Албанци, 7% Турци, 6% Срби, 4% Босанци.

**7. Обуки за зголемување на конкурентноста на МСП**

Обуките со назив „Зголемување на конкурентноста на МСП" имаа за цел да споделат со претставниците од малите и средните претпријатија алатки за намалување на потрошувачката на енергија т.е. намалување на цена на чинење на единица производ и едновремено заштита на животната средина и на таа основа да остварат конкурентна предност и да се наметнат пред конкурентите.
На обуките кои се одржаа во Скопје, Струмица, Прилеп и Тетово земаа учество 103 слушатели, консултанти, но и лица инволвирани во семејни бизниси. Според родовата припадност, 66,3% мажи и 33,6% жени, додека според етничката припадност 76% биле Македонци, 14% Албанци, 4% Турци, 4% Бошњаци и 2% Срби.

**8. Обуки за промоција на социјалното претприемништво**

- Во рамките на оваа програмска активност беа организирани две обуки и тоа во Скопје и Охрид.Целта на овие обуки беше низ интеракција и вежби да се дефинираа бизнис моделите на социјалното претприемништво и се објасни како тоа е регулирано во државата, како и примери во ЕУ и светот.
На обуките земаа учество 44 слушатели, а според родовата припадност, 21 мажи, 23 жени, додека според етничката припадност 25 биле Македонци, 13 Албанци, 3 Турци, 1 Бошњак , 1 Влав и 1 Египјанка .

**9.Обуки за женско претприемништво**

Главна цел на обуките со назив „Жени претприемачки – искуства, примери и совети" на АППРСМ наменети за жените-потенцијални или сегашни претприемачки беше подигање на нивото на конкурентност кај веќе постоечки претпријатија раководени од страна на жени претприемачи, но и поттикнување на нови жени претприемачи.
На обуките земаа учество 44 слушателки од Велес, Скопје, Струмица и околината на овие населени места. Според родовата припадност 96% биле Македонки, 2% Србинки, 1% Турчинки и 1% Босанки. Од кои 46% претприемачки и занаетчии, 12% наставници, 33% невработени и 9% студентки..

## 5. Анализа на буџетски алокации (планирани и потрошени средства, по корисник, дополнителни средства, специфични трошоци за жени).

Во анализата на буџетските алокации можете да се водите од:

Анализа на потрошените средства во однос на поставените индикаторите за таа програма;

Средствата за реализација на програмските активности се обезбедени од Буџетот на Република Северна Македонија во износ од 17.870.500,00 денари во Програмата за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средните претпријатија во 2020 година.

Потрошени средства за реализирани активности наменети за жени се во износ од 6.651.300,00 денари.

1. Од вкупно 1534 бизнис планови изработени од страна на овластените советници за кандидатите во Програмата за самовработување, 510 бизнис планови се изработени за жени, што претставува 33,2% учество на жените во оваа програмска активност. Потрошени средства 5.712.000,00 денари.

2.Во ваучерскиот систем на советување од вкупно реализирани 59 ваучери, 39 ваучери се за мажи, а 20 за жени или 34% учество на жените во оваа програмска активност. Потрошени средства 279.300,00 денари.

3. Во однос на обуките за женско претприемништво реализирани се 3 обуки за 44 жени и потрошени се вкупно 120.000,00 денари.

10.Во рамките на програмската активност за стандардизирани менторски услуги потрошени средства за менторирање на 12 претријатија се 540.000,00 денари.

## 6. Тесни грла и научени лекции (Како можеме да ја подобриме во иднина политиката/програмата за да обезбеди подобри резултати согласно дефинираните индикатори )

Во имплементацијата на Програмата за 2020 година се продолжува со интегрирање на родовиот концепт, со тоа што со родово буџетската изјава 2016-2019 година беше вклучена само програмската активност – Ваучерски систем на советување, а со родово буџетската изјава 2020-2022 година покрај оваа програмска активност ќе бидат застапени и следните програмски активности :

1.Ваучерски систем на советување
2.Воспоставување на систем на стандардизирани менторски услуги
3.Обуки за поддршка на женско претприемништво

Согласно буџетската изјава која ја приложи АППРСМ за периодот од 2020-2022 година се предвидени аутпут индикатори и тоа:

- воведена родово разделена статистика на корисниците на ваучерскиот систем на советување
- Најмалку 6 ваучери издадени за жени корисници на ваучерскиот систем на советување од вкупо 30-40 реализирани ваучери.
- Воведена родово разделена статистика за менторите и корисниците на стандардизираните менторски услуги
- Најмалку 4 обучени жени ментори и најмалку 6 менторирани мали и средни претпријатија управувани од жени претприемачи
- Воведена родоворазделена статистика на учесниците на обуките за поддршка на женското претприемништво.

## 7. Заклучоци и препораки

АППРСМ работи на унапредување на концептот за родово буџетирање во рамките на својата Годишна програма и работиме на негово постепено воведување во сите програмски активности.

**Одобрил:**
**в.д. Директор**
**Шенаси Џељадини**